Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**јули 2024 година**

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е ........ 2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР ........ 3**

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ........ 5

Индекси на прометот во индустријата во јули 2024 година ........ 6

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 7

Промет во секторот трговија ........ 8

Инфлација ........ 8

Берзански цени ........ 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ........ 12**

Извоз ........ 12

Увоз ........ 13

Салдо на трговска размена ........ 14

Валутна структура ........ 15

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ........ 15**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ........ 15

Расходи по буџетски корисници ........ 17

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ........ 19**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 19

Плати ........ 19

Пензии ........ 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ........ 21**

Примарни пари ........ 22

Депозитен потенцијал ........ 22

Кредити на банките ........ 23

Каматни стапки на депозитни банки ........ 23

Пазар на капитал ........ 24

Девизни резерви ........ 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## јули 2024 година

- Во јули 2024 година, индустриското производство забележа раст од 3,8% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во јули 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 3,5%, во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во јули 2024 година во однос на јули 2023 година бележи пад за 13,5%;
- Стапката на инфлација во јули 2024 година изнесува 3,0% на годишно ниво и забележува забавување на растот (3,2% во јуни 2024 година). На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 0,7%;
- Во периодот јануари - јули 2024 година, извозот забележа пад од 7,7%, а увозот раст од 0,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 29,2% споредено со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – јули 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 173.129 милиони денари, што претставува 55,8% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 12,6% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – јули 2024 година, реализацијата на вкупните расходи на Буџетот на РСМ изнесува 194.884 милиони денари, што претставува 56,7% од годишниот план, односно раст од 7,8% во однос на првото полугодие од 2023 година;
- Во јули 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 7,3% во споредба со јули 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јули 2024 година, индустриското производство забележа раст од 3,8% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторите: Рударство и вадење камен за 14,9% и Преработувачка индустрија за 3,8%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи пад за 1,1%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во јули 2024 година бележат 19 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 61,3% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во јули 2024 година раст е забележан во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 3,0% со придонес од 0,4 п.п. и производство на електрична опрема за 40,4% со придонес од 2,1 п.п., додека пад е забележан во гранките: производство на метали за 10,3% со придонес од -0,5 п.п. и производство на машини и уреди за 38,0% со придонес од -2,4 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во јули 2024 година се забележува раст на производството во следните гранки: производство на текстил за 6,9% и придонес од 0,3 п.п., производство на тутунски производи за 69,3% со придонес од 0,9 п.п., преработка на дрво и производи од дрво и плута за 20,0% и придонес од 0,1 п.п., производство на кожа за 9,3% со придонес од 0,1 п.п., прехранбена индустрија за 41,3%, со придонес од 4,2 п.п. и производство на пијалаци за 11,9% и придонес од 0,4 п.п., додека намалување на производството се забележува единствено кај гранката производство на облека за 10,2% со придонес од -0,6 п.п..

Индустриското производство според намената на произведените единици во јули 2024 година споредено со јули 2023 година е зголемено во следните групи: Енергија (раст од 2,8%, придонес од 0,4 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 3,4%, придонес од 1,0), Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 33,2%, придонес од 1,2 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 24,0%, придонес од 7,3 п.п.), а намалено во групата Капитални производи (пад од 20,1%, придонес од -4,6 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - јули 2024 година, индустријата забележа пад од 3,9%, што се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,8% (придонес од -0,3 п.п.), Преработувачка индустрија за 1,4% (придонес од -1,1 п.п.), и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 22,4% (придонес од -2,7 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2024 година)*




1 - Производство на прехранбени производи
2 - Производство на електрична опрема
3 - Печатење и продукција на снимени медиуми (записи)
4 - Вадење на други руди и камен
5 - Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2024 година)*




1 - Производство на машини и уреди, неспоменати на друго место
2 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
3 - Производство на други неметални минерални производи
4 - Производство на облека
5 - Вадење на руди на метали

Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, во периодот јануари - јули 2024 година, раст е регистриран единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка (за 2,9%), додека пад се бележи во гранките: Енергија (за 21,1%), Интермедијарни производи освен енергија (за 0,2%), Капитални производи (за 1,6%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 3,4%).

## Број на работници во индустријата

Во јули 2024 година, бројот на работници во индустријата е зголемен за 1,2% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,3%, Преработувачка индустрија за 1,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,2%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспоменати на друго место за 32,1%, поправка и инсталирање машини и опрема за 31,8% и производство на пијалаци за 17,9%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Енергија за 4,7%, Капитални производи за 15,0% и Трајни производи за широка потрошувачка за 18,9%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јули 2024 година бележи раст за 1,7%, што се должи на зголемениот број работници

во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,3%, Преработувачка индустрија за 1,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,8%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јули 2024 година е зголемен во секторите: Енергија за 4,4%, Капитални производи за 16,4% и Трајни производи за широка потрошувачка за 11,8%.

## Продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

**Графикон 1.5:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




Во јули 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 3,5% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 2,0%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 12,3% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,5%, додека во секторот Рударство и вадење камен продажните цени се намалени за 2,4%.

Во јули 2024 година во споредба со јули 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите Енергија за 11,4%, Трајни производи за широка потрошувачка за 3,8% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 6,0%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - јули 2024 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 0,4%, што се должи на зголемените цени во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 2,6% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 2,1%. Во секторот Преработувачка индустрија нема промена на продажните цени, додека во секторот Рударство и вадење камен има намалување за 0,3%.

Во периодот јануари - јули 2024 во споредба со јануари – јули 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 2,6%, Производи за широка потрошувачка за 5,1%, Трајни производи за 4,3% и Нетрајни производи за 5,1%.

## Индекси на прометот во индустријата во јули 2024 година

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во јули 2024 година во однос на јули 2023 година бележи пад за 13,5%. Падот на промет во индустријата се должи на намалениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 14,7%. Во секторот Рударство и вадење камен прометот се зголеми за 24,0%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во јули 2024 година во споредба со јули 2023 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 6,0% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,4%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустријата во јули 2024 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 50,1%);
- Вадење руди на метал (раст од 34,6%);
- Поправка и инсталирање машини и опрема (раст од 29,4%).

На кумулативна основа, во периодот јануари-јули 2024 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустријата бележи пад за 13,3%, што се должи на намалениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен пад за 1,6% и Преработувачка индустрија за 13,7%.

Во периодот јануари - јули 2024 година во споредба со периодот јануари – јули 2023 година прометот во индустрија се зголеми во групите: Трајни производи за широка потрошувачка за 0,8% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,1%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2024 година издадени се вкупно 374 одобренија за градење, што претставува раст од 33,6% во однос на истиот месец од 2023 година. Тоа се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за објекти од високоградба за 54,5% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 55,3%), додека кај објектите за реконструкција се забележува зголемување за 61,4%. Споредено со јуни 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 100,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јули 2024 година е повисока за 71,7% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 115,6%.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 207 (или 55,3%) се наменети за објекти од високоградба, 75 (или 20,1%) за објекти од нискоградба и 92 (или 24,6%) за реконстркција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 374 издадени одобренија за градење, на 200 објекти (или 53,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 174 објекти (или 46,5%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.9**: Структура на издадените одобренија за градење по региони *( јули 2024)*




Извор: ДЗС.

Со издадените одобренија за градење во јули 2024 година предвидена е изградба на 808 станови со вкупна корисна површина од 66.044м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 100,2% на месечно ниво и за 270,6% на годишно ниво.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во јуни 2024 година изнесува 3.307 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 9,1%, при што кај нискоградбата се забележува раст за 27,8%, кај специјализираните градежни работи за 75,0%, а кај високоградбата пад за 21,7%. Споредено со мај 2024 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи раст од 37,5%, и тоа кај нискоградбата за 42,6%, кај високоградбата за 24,6% и кај специјализираните градежни работи за 58,9%. Кумулативно, во периодот јануари – јуни 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 14.783 милиони денари, што е за 7,4% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

**Графикон 1.11**: Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите шест месеци од годината се извршени градежни работи во вредност од 9.736 милиони денари, односно за 31,2% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 24,4% и изнесува

4.484 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 563 милиони денари, односно 36,4% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - јуни 2024 година се зголеми за 14,4%, при раст кај нискоградбата (39,9%) и кај специјализираните градежни работи (45,3%), додека кај високоградбата е забележан пад (19,6%).

## Промет во секторот трговија

Во јули 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 9,5%, по растот од 3,2%, во јуни. Вредноста на прометот во јули 2024 година изнесува 72.566 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - јули 2024 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 456.867 милион денари, што е за 4,8% повеќе во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Кумулативно, во перидот јануари - јули 2024 позитивен раст на прометот е забележан во секторите: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 249.568 милиони денари, односно за 6,7% повеќе во однос на истиот период минатата година и трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 180.477 милиони денари, што е за 3,2% повеќе во споредба со иститот период од 2023 година, додека пад се забележува во секторот трговија со моторни возила и поправки, чија вредност на прометот изнесува 26.822 милиона денари или за 1,0% помалку во однос на истиот период лани.

На реална основа, во јули 2024 година трговијата на мало бележи годишен раст од 7,5%, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во групите трговија на мало со непрехранбени продукти за 5,1% и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 17,1%, а намалување во групата трговија на мало со автомобилски горива за 2,6%.

Во јули 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (55,5%), а потоа следуваат Трговија на мало (40,1%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (4,4%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во јули 2024 година изнесува 3,0% на годишно ниво и регистрира забавен раст (3,2% во јуни 2024 година). Растот на инфлацијата главно произлегува од базичната компонента, при што најголемо зголемување на цените има во угостителскиот сектор, додека прехранбената компонента регистрира забавен раст. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – јули 2024 година изнесува 3,6%.

Во јули 2024 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) забележува забрзување на растот и изнесува 5,6% на годишна

основа (4,8% претходниот месец). Најголем позитивен придонес овој месец имаат зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели (1,6 п.п.).

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци[1] забележаа забавување на растот и изнесуваат 0,9% (пониски за 1,2 п.п. во споредба со претходниот месец), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во јули изнесува 0,3 п.п.. Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: безалкохолни пијалаци (годишен раст од 6,7%, придонес од 0,2 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 2,8%, придонес од 0,2 п.п.) и месо (годишен раст од 2,2%, придонес од 0,2 п.п.). Најголем негативен придонес во цените на храната имаа цените на зеленчукот (-0,5 п.п).

**Графикон 1.13:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.14:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во јули 2024 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели за 13,8% (придонес во растот на вкупната инфлација за 0,8 п.п.).

Раст на цените е регистриран и во другите категории, и тоа: Здравствена заштита за 5,8%, Разновидни стоки и услуги и Рекреакција и култура за по 5,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 5,6%[2], Транспорт за 4,8%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата за 3,2%, Комуникации за 3,0%, Облека и обувки за 2,3%, Образование за 0,7% и Домување, вода, електрика, гас и други горива за 0,5%.

Во јули, потрошувачките цени се зголемија за 0,7% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 0,3%). Растот на цените на месечно ниво главно се должи на растот на цените во услужниот сектор и во категоријата транспорт. Цените на храната се намалија за 0,2% и најголем придонес во падот имаше намалувањето на цената на зеленчукот.

Цените на мало се зголемија за 3,9% на годишно ниво, при што се забележува забавување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст за 1,5%. Во периодот јануари – јули 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,8% на годишно ниво.

[1] Од март 2024 година престана да важи мерката за намалување на цените на основните прехранбени производи за 10%, кои во малопродажбата се продаваа со ознака „гарантирана цена“.

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во јули 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната се зголеми за 0,1 п.п. во споредба со јуни и изнесува 2,6%[3].

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација за еврозоната во нагорна насока, и тоа за по 0,2 п.п. за 2024 и 2025 година. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,5%, во 2025 година 2,2% и во 2026 година 1,9%. Во наредните два квартала од 2024 година се очекува стапката на инфлација да се движи околу 2,5% со одредена нестабилност поврзана со базниот ефект на цените на енергијата. Во текот на 2024 година не се очекува драстична промена на инфлацијата и таа ќе остане над историскиот просек што го одразува бавното намалување на цените на услугите.

## Берзански цени

**Графикон 1.16:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јули 2024 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се зголеми за 3,3% на месечно ниво и изнесува 85,3 долари за барел, што е одраз на повторното разгорување на геополитичките тензии на Блискиот Исток, како и на намалувањето на залихите. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 6,5%.

**Графикон 1.17:** Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јули 2024 година, цената на природниот гас регистрира пад од 8,3% на месечно ниво. Намалувањето се должи на намалената побарувачка којашто е резултат на повеќе фактори, меѓу кои зголеменото производство на енергија од ветерници во Европа, како и големите количини залихи. Во јули 2024 година, цената на природниот гас се намали за 2,7% на годишно ниво.

[3] Податокот е процена на Евростат



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Во 2023 година дојде до стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи и трендот на намалување на цената продолжи и на почетокот од 2024 година, меѓутоа во последните три месеци цената на електричната енергија регистрира раст. Цената на електричната енергија во јули 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 135,5 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 47,8%, а на годишно ниво за 42,7%.

**Графикон 1.18:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во јули 2024 година, цените на основните метали регистрираа намалување во споредба со претходниот месец. На месечно ниво се намалија цените на: никелот за 6,6%, алуминиумот за 5,9%, бакарот за 2,7%, оловото за 1,9%, цинкот за 1,1% и калајот за 0,5%. На месечно ниво се намали и цената на железната руда, и тоа за 0,6%.

Овој месец цената на златото регистрираше раст од 3,1% на месечна основа, а од другите благородни метали раст на цената на месечно ниво регистрираше и среброто, и тоа за 0,7%, додека цената на платината се намали за 0,6%

Во јули, цените на пченката и пченицата се намалија на месечна основа за 7,8% и 5,1%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 2,4% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135.5 | 85,3 | 366,1 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите седум месеци од 2024 година изнесува 11.057,6 милиони евра и бележи пад од 2,9% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари - јули 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,1 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 62,2%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите седум месеци од 2024 година изнесува 23,6% и е намалено за 1,7 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.




### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите седум месеци од 2024 година изнесува 4.567,7 милиони евра и бележи пад од 7,7% (380,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 2,0% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во јули 2024 година изнесува 638,1 милион евра и бележи пад од 8,3% (57,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 5,5% споредено со јули 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2024 година извозот бележи пад од 6,7% (46,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 2,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (4,5 п.п.) врз извозот овој месец.




Вредноста на извозот на храна во првите седум месеци од 2024 година е зголемена за 30,2 милиона евра, што претставува раст од 11,2% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на

извезената храна е зголемена за 13,4%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите седум месеци од 2024 година изнесува 6,6% и е зголемено за 1,1 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот извоз на храната, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (41,3%), жита и преработки од жита (23,5%), месо и преработки од месо (9,4%) и млечни производи и јајца (7,9%).

Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - јули 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, а раст во следните групации: Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 9,3% на годишно ниво и учествува со 78,2% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот во земјите од Западен Балкан бележи раст од 6,7% и учествува со 13,5% во вкупниот извоз на нашата земја.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите седум месеци од 2024 година изнесува 6.489,9 милиони евра и бележи раст од 0,8% (54,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 6,7%.

Вредноста на увозот во јули 2024 година изнесува 945,6 милиони евра, што претставува раст од 5,4% (48,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 5,2% споредено со јули 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2024 година увозот бележи раст од 5,4% (48,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 7,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,9 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Вредноста на увозот на храна во првите седум месеци од 2024 година е зголемена за 67,5 милиони евра, што претставува раст од 12,2% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 12,2%. Во првите седум месеци од 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,3% и е зголемено за 0,7 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот увоз на храната, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,7%), овошје и зеленчук (15,3%), жита и преработки од жита (13,1%), кафе, чај, какао и зачини (11,5%) и млечни производи и јајца (10,8%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2023 | I-VII-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 81,0 | 80,0 | -1,0 | -1,2 |
| Мил.ЕУР | 62,3 | 56,8 | -5,5 | -8,8 |
| Мил $ | 67,6 | 61,4 | -6,1 | -9,1 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2023 | I-VII-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 703,5 | 675,1 | -28,4 | -4,0 |
| Мил.ЕУР | 494,4 | 488,8 | -5,6 | -1,1 |
| Мил $ | 536,0 | 528,7 | -7,3 | -1,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2023 | I-VII-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 46,5 | 36,4 | -10,1 | -21,8 |
| Мил.ЕУР | 1.475,3 | 1.109,7 | -365,6 | -24,8 |
| Мил $ | 1.600,1 | 1.199,7 | -400,4 | -25,0 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2023 | I-VII-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 16,2 | 18,0 | 1,8 | 11,2 |
| Мил.ЕУР | 107,7 | 105,2 | -2,5 | -2,3 |
| Мил $ | 116,8 | 113,8 | -3,0 | -2,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2023 | I-VII-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 394,9 | 396,4 | 1,4 | 0,4 |
| Мил.ЕУР | 350,4 | 309,2 | -41,2 | -11,8 |
| Мил $ | 379,7 | 334,7 | -45,1 | -11,9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2023 | I-VII-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 382,3 | 412,0 | 29,7 | 7,8 |
| Мил.ЕУР | 292,6 | 284,3 | -8,3 | -2,8 |
| Мил $ | 317,2 | 307,5 | -9,7 | -3,1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јули 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 29,2% односно 434,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во јули 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 52,7% односно 106,1 милион евра споредено со јули 2023 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка, храна и пијалаци и горива и мазива, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Графикон 2.6:Надворешно-трговска размена
(износи во милиони евра)




Извор:ДЗС.

Во првите седум месеци од 2024 година, 89,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

следуваат Турција, Полска, Италија, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Чешка, Унгарија, Белгија и Шпанија.

### Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,1% од трговската размена во периодот јануари - јули 2024 година е реализирана во евра, што претставува зголемување за 0,1 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 95,0% и 90,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,1 п.п., додека кај увозот е зголемена за 0,4 п.п. во однос на периодот јануари – јули 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-VII-2023 | | | | | I-VII-2024 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 3.587,2 | 5.777.484.291 | 61,5956 | 355.867.611.417 | 89,8 | 3.501,3 | 5.850.971.397 | 61,5593 | 360.181.703.524 | 90,2 | 73.487.106 | 1,3 |
| УСД | 535,1 | 657.995.039 | 56,8400 | 37.400.438.035 | 9,4 | 342,5 | 625.715.902 | 56,9092 | 35.608.991.413 | 8,9 | -32.279.137 | -4,9 |
| ГБП | 1,2 | 12.522.995 | 70,5010 | 882.883.693 | 0,2 | 1,7 | 14.558.986 | 72,1657 | 1.050.659.411 | 0,3 | 2.035.991 | 16,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.123,5 | | | 394.150.933.145 | 99,2 | 3.845,6 | | | 396.841.354.347 | 99,3 | | |
| вк.извоз: | 4.133,6 | | | 396.422.940.840 | 100,0 | 3.858,1 | | | 399.528.268.622 | 100,0 | | 0,8 |

## 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

### Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – јули 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 173.129 милиони денари, што претставува 55,8% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 12,6% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година. Во рамки на вкупните приходи, 160.961 милион денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 57,7% од планираниот износ за 2024 година, односно се забележува раст од 16,8% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 100.534 милиони денари (реализација од 57,3% од планираниот износ за 2024 година), додека придонесите се реализирани во износ од 59.379 милиони денари (годишен раст од 15,7%, односно 58,8% од планираниот износ за 2024 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај сите приходи, и тоа: данок на личен доход за 18,1%, данок на добивка за 20,1%, данок на додадена вредност за 20,8%, акцизи за 5,9%, увозни давачки за 16,1% и други даночни приходи за 50,7%. Во овој период, неданочните приходи бележат раст за 8,6%, додека капиталните приходи бележат намалување за 4,4%, а приходите по основ на странски донации за 74,8%,

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – јули 2024 година изнесува 194.884 милиони денари, што претставува 56,7% од годишниот план, односно раст од 7,8% во однос на првото полугодие од 2023 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 179.804 милиони денари или 60,2% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 15,7% во однос на истиот период од 2023 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 22,5%, кај расходите за стоки и услуги за 4,3% и кај каматните расходи за 42,0%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 13,7%, водени од високиот раст кај социјалните трансфери за 16,0%, расходите за здравствена заштита за 14,2%, блок и наменските дотации за 11,7% и субвенциите и трансферите за 6,2%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 15.080 милиони денари и се пониски за 40,7% во споредба со истиот период од 2023 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – јули 2024 година во однос на иницијалниот буџет изнесува 33,4%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – јули 2024 година

| | Буџет 2024 | Јануари-јули 2024 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **310.097** | **173.129** | **12,6%** | **55,8%** |
| **Даноци и придонеси** | **279.044** | **160.961** | **16,8%** | **57,7%** |
| Даноци | 175.492 | 100.534 | 17,3% | **57,3%** |
| Данок на личен доход | 31.116 | 17.444 | 18,1% | **56,1%** |
| Данок на добивка | 19.483 | 13.278 | 20,1% | **68,2%** |
| ДДВ | 80.698 | 45.541 | 20,8% | **56,4%** |
| Акцизи | 30.969 | 16.387 | 5,9% | **52,9%** |
| Увозни давачки | 12.124 | 7.278 | 16,1% | **60,0%** |
| Други даночни приходи | 1.102 | 606 | 50,7% | **55,0%** |
| Придонеси | 100.977 | 59.379 | 15,7% | **58,8%** |
| **Неданочни приходи** | **20.394** | **10.078** | **8,6%** | **49,4%** |
| **Капитални приходи** | **3.210** | **546** | **-4,4%** | **17,0%** |
| **Странски донации** | **7.449** | **1.544** | **-74,8%** | **20,7%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **343.638** | **194.884** | **7,8%** | **56,7%** |
| **Тековни расходи** | **298.459** | **179.804** | **15,7%** | **60,2%** |
| Плати и надоместоци | 41.178 | 24.753 | 22,5% | **60,1%** |
| Стоки и услуги | 25.113 | 11.868 | 4,3% | **47,3%** |
| Трансфери | 215.358 | 131.065 | 13,7% | **60,9%** |
| Социјални трансфери | 161.842 | 97.108 | 16,0% | **60,0%** |
| ПИОСМ | 98.995 | 61.023 | 18,4% | **61,6%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 3.026 | 1.116 | 22,6% | **36,9%** |
| Социјална помош | 14.089 | 8.695 | 5,4% | **61,7%** |
| Здравствена заштита | 45.732 | 26.274 | 14,2% | **57,5%** |
| Други трансфери | 52.076 | 33.008 | 9,0% | **63,4%** |
| Камата | 16.810 | 12.118 | 42,0% | **72,1%** |
| **Капитални расходи** | **45.179** | **15.080** | **-40,7%** | **33,4%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-33.541** | **-21.755** | **-19,6%** | **64,9%** |

Извор: Министерство за финансии







Во периодот јануари – јули 2024 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 21.755 милиони денари, што претставува 2,4% од проектираниот БДП за 2024 година, односно 64,9% од годишниот план.




## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – јули 2024 година, Министерството за труд и социјална политика реализира 43.500 милиони денари или 67,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (71,8%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 31.251 милион денари или 71,5% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 19,7% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 59,6% (8.586 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 22.177 милиони денари, што е 55,3% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (56,6%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 12.549 милиони денари или 56,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 19,5%, за што се потрошени 4.326 милиони денари, односно 54,9% од вкупно предвидените.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јули 2024 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – јули 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 8.038 милиони денари, што претставува 55,6% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 70,4%, за што се потрошени 5.663 милиони денари или 57,4% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 17,1%. За таа намена беа реализирани 1.376 милиони денари или 47,7% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 5.720 милиони денари што претставува 59,3% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,9% во вкупните расходи, реализирани се 65,0% од планираните средства за цела година, односно 5.313 милиони денари.

Во периодот јануари – јули 2024 година, Министерството за одбрана реализира 10.379 милиони денари, што е 57,4% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи имаа најголемо учество во расходите со 39,7%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.120 милиони денари (67,7% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 32,5% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 3.373 милиони денари, односно 53,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јули 2024 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 2.069 милиони денари, односно 53,8% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 57,6% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.191 милион денари (56,8% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 3.994 милиони денари или 53,2% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 58,1%, за што се потрошени 2.319 милиони денари или 66,3% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.256 милиони денари (40,3% од планираното за годината) и учество од 31,4% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – јули 2024 година, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 2.159 милиони денари, што е 16,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 75,5% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (1.629 милиони денари или 13,7% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 678 милиони денари, што претставува 38,5% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (366 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 54,0%, а притоа се реализирани 56,5% од планираните. По основ на Стоки и услуги отпаѓаат 21,5% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 146 милиони денари или 47,7% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Новоовработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите седум месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 109.055 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број новоовработени лица е намален за 3,8%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број новоовработени, 42,7% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јули 2024 година, 12,8% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во јули 2024 година изнесува 145.267, од кои 98.976 лица се активни баратели на работа, а 46.291 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 3,9%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на јуни 2024 година, бројот на невработени е намален за 2.444 лица.

Најголем дел од активните невработени лица (58,8%) е градско население, а според половата структура 47,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 69,1%, е со непотполно средно образование или помалку, 23,5% со завршено средно образование, а 7,4% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,6% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,3% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во јуни 2024 година изнесува

41.939 денари и оствари годишен раст од 14,8%, а во однос на мај 2024 година таа е повисока за 1,7%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јуни 2023 година се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (24,6%), Административни и помошни услужни дејности (22,9%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (19,6%). Во јуни 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 11,2%. Највисока просечна нето-плата во јуни 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (76.518 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (95.112 денари), по што следуваат, Финансиски дејности и дејности на осигурување со 67.866 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 53.650 денари и секторот Рударство и вадење камен со просечно исплатена нето-плата во висина од 50.586 денари.

Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Графикон 4.5: Просечна нето-плата по сектори, јуни 2024 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јуни 2024 година изнесува 62.964 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 15,1%, а на месечна основа таа е повисока за 1,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јуни 2024 година во однос на јуни 2023 година се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (24,9%), Административни и помошни услужни дејности (24,0%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (19,9%).

## Пензии

Во јули 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 339.692 пензионера. Од вкупниот број пензионери, 70,5% се корисници на старосна пензија или 239.264 пензионери, 21,9% на семејна пензија или 74.270 пензионери и 7,7% на инвалидска пензија, односно 26.058 пензионери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во јули 2024 година изнесува 21.195 денари односно за 11,3% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото и на мартовското усогласување на пензиите, според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, почнувајќи од март 2022 година усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 50,6%.

Просечната старосна пензија во јули 2024 година изнесува 22.857 денари, просечната инвалидска пензија 18.788 денари, а просечната семејна пензија 16.684 денари. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 7.189 милиони денари, што претставува 49,3% од вкупните социјални трансфери.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за јули 2024 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| старосни | 239.364 | 70,3% | 22.857,00 |
| инвалидски | 26.058 | 7,7% | 18.788,00 |
| семејни | 74.270 | 21,8% | 16.684,00 |
| Вкупно | 339.692 | 99,8% | 21.195,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 40 | | 10.898,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 750 | | 29.873,00 |
| **Вкупно** | 340.482 | | 21.213,00 |

**Извор: Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија**

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јули 2024 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на ниво од 6,30%, којашто е непроменета од септември 2023 година. По зголемувањата на основната каматна стапка во претходниот период, Народната банка ја држи непроменета, согласно потребата од стабилизирање на инфлацијата и инфлациските очекувања на потрајна основа.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (јули 2024 година)




Извор: НБРСМ.

Во јули 2024 година, Народната банка ги задржа расположливите депозити преку ноќ и

[5] При пресметката на просечната пензија, не се вклучени воените и земјоделските пензии.

расположливите депозити на седум дена на нивото од 4,20% и 4,25%, соодветно.

## Примарни пари

Во јули 2024 година, примарните пари[6] се зголемија за 13,3% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 24,1% и 4,0%, соодветно.

Во јули 2024 година, примарните пари се зголемија за 22,0% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 36,1% и зголемувањето на готовите пари во оптек за 10,2%.

## Депозитен потенцијал[7]

Во јули 2024 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на домаќинствата и депозитите на претпријатијата се зголемија за по 0,7% и 0,2%, соодветно.




Од аспект на валутата, во јули 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа раст од 0,3% и 0,6%, соодветно.

Во јули 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 7,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 9,8%, а депозитите во странска валута за 4,0%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 3,9% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 9,6%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јули 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***547.211*** | ***0,5%*** | ***7,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *313.161* | *0,3%* | *9,8%* |
| *Странска валута* | *234.049* | *0,6%* | *4,0%* |
| Според рочност: | | | |

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Краткорочни* | *215.451* | *0,0%* | *-0,5%* |
| *Долгорочни* | *131.815* | *1,5%* | *20,2%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***465.244*** | ***0,6%*** | ***7,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *279.155* | *1,1%* | *13,0%* |
| *Странска валута* | *186.089* | *-0,1%* | *-0,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *68.969* | *-0,2%* | *3,0%* |
| *Долгорочни* | *379.554* | *0,8%* | *8,0%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се намалија за 0,5%, а долгорочните депозити за 20,2%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,2%.

## Кредити на банките

Во јули 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 0,8% и раст на кредитите на претпријатијата за 0,5%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,1%, додека девизните кредити се намалија за 0,1%.

На годишна основа, во јули 2024 година вкупните кредити се зголемија за 7,3%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата за 7,3% и 7,5%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 13,0%, додека кредитите во странска валута се намалија за 0,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,0%, а краткорочните кредити од 3,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јули 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,46%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 5,88%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,08 п.п. и изнесува 4,89%.

Во јули 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

зголеми за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,93%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,06 п.п. и изнесува 2,41%, а на девизните депозити за 0,03 п.п. и изнесува 1,51%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,48%, а на новоодобрените девизни кредити 4,08%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 3,19% и 2,17%.

## Пазар на капитал

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јули 2024 година се зголеми за 116,4% на месечно ниво, како резултат на растот на класичното тргување за 187,7%, додека прометот од блок трансакциите се намали за 67,2%.

Вкупниот промет на берзата во јули 2024 година изнесува 1.322 милиона денари, што претставува зголемување за 573,1% на годишно ниво.

На крајот на јули 2024 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 8.480,6 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 10,1%, а во однос на истиот месец претходната година за 46,8%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на јули 2024 година е 4428,6 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 2,1%, а во однос на јули 2023 година за 16,5%.